# ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДРЖАНА СРЕДБА НА НЕФОРМАЛНАТА МРЕЖА НА ЖЕНИ РОМКИ АКТИВИСТКИ И НВО ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЦРС

Центар на Роми на град Скопје
Април,2011

**Првата средба за оваа година, на неформалната мрежа на жени Ромки активистки и НВО од РМ се одржа на 26.04.2011г. во х. Арка Скопје (Во прилог: Агенда и листа на учеснички). Причините за задоцнувањето на оваа средба се должат на финансиските одобрувања кои ЦРС ги очекуваше од страна на донаторот ( на последната средба еден од заклучоците беше ЦРС да продолжи со организирање на овие средби).**

Теми на дискусија за оваа средба беа:

1. Заклучоците од последниот состанок и ургентниот тим
2. Хуманитарната акција *Твојот мал допринос за некого значи многу*
3. Предлози за иден заеднички проект

**Заклучоците од последниот состанок и ургентниот тим**

Откако координаторката на тимот за ургентно делување Фетија Демировска ги повтори задачите и целите на тимот и задачите на сите членки на неформалната мрежа, таа предложи доколку мрежата смета дека треба членките од ургентниот тим да се сменат ( по правило членовите од тимот треба да ротираат) тоа да го направат. По ова мрежата предложи и донесе одлука:

1. Фетија Демировска да остане координатор на тимот,
2. Џељан Шерифовска, член
3. Елизабета Дутовска, член
4. Силвана Зулфи, член и
5. Љатифа Шиковска, член

На последниот состанок мрежата предложи да има поголема вклученост во активностите на ургентниот тим, тоа значи дека мрежата треба да покрене иницијативи кои се однесуваат на жената Ромка и да се заложи истите да бидат реализирани . Заклучокот од ова е дека за постигнување на оваа цел треба да се ажурираат сите и да се има поголема одговорност.

**Хуманитарната акција *Твојот мал допринос за некого значи многу***

Сонѓул Ш. Ахмед на пристутните им го објасни процесот на покренатата хуманитарна акција , значи како започна , за кого е наменета и како ќе се распределат собраните средства.
Невладините организации Рома СОС- Прилеп, ЛУЛУДИ-Скопје , КХАМ-Куманово, АМБРЕЛА-Скопје и ЖАР –Гостивар се понудиле како организации кои имаа простор каде да ги сместат прибраните средства.
Инаку оваа акција беше успешна , ЦРС спроведе акција во основните училишта *26 Јули* и *Браќа Рамиз и Хамид* од Ш. Оризари каде децата и наставниците донираа средства во облека и обувки, исто така фабриката

Тетекс од Тетеово има донирано 40 џемпери за деца и жени. Во другите организации средствата беа донирани од страна на граѓаните.

Досега организацииите изјавиле колку средства имаат собрано освен, ЖАР од Гостивар за кои не знаеме колку има собрано, но знаеме дека за денот 8 Април тие на центарот на градот поставиле штанд и имаат собрано средства.

Договорено е сите прибрани средства да се сликаат, организациите надвор од Скопје да си направат список на најзгрозени лица кои според нив имаат потреба од ваква помош и да се направи мал извештај за тоа каде се доставени истите. Ова е потребно за да целата акција се документира, организациите ова треба да го направат надоцна до 15 Мај и сите документи да ги испратат на Фетија Демировска.

Средствата собрани во Скопје ке се донираат како што беше планирано на 5-те Ромски фамилии од Керамидница. Фетија Д. и Љатифа Ш. ќе го посетат теренот со цел да направат список на вкупен број на загрозени лица на кој домовите им изгореле.

Ваквите акции треба да продолжат беше заклучокот на мрежата затоа што навистина има жени и деца накои овие средства им се неопходни. Препораката беше да ова се прошири на повисоко ниво.

**Предлози за иден заеднички проект**

Многу пати на сите состаноци беше споменувано дека мрежата треба на реализира заеднички проект кој ке биде наменет за подобрување на состојбата на жената Ромка од РМ. На оваа средба се наметна и оваа дискусија каде беше заклучено дека:

1. За заеднички проект треба да се организира посебна средба каде ке се дискутира само за тоа, треба да се осмисли што точно сакаме да направиме како мрежа;
2. Дилбера К. го зачна и прашањето за соедниниување на мрежата заедно и нашата во една мрежа за да се постигне единство а не делење на жените Ромки активистки. За ова мрежата се согласи да се размисли и најпрво координаторката на ургентниот тим да закаже средба со претседателката на мрежата ЗАЕДНО за да се разгледаат барањата и можностите за соработка, а потоа неформалната мрежа да има средба со членките и да се дискутира за евентуална соработка.

# *Средба на неформалната мрежа на жени Ромки активистки и НВО од РМ*

***26-ти Април, 2011г.***

**х.АРКА. Скопје**

***АГЕНДА***

- ***09.30 : 10.00*** **Пристигнување**
- ***10.00 -10.30*** **Заклучоци од последниот состанок**
- ***10.30-11.00*** **Дискусија со тимот за ургентно делување**
- ***11.00-11.15*** **Кафе пауза**
- ***11.15- 12.00*** **Дискусија за хуманитарната акција *Твојот мал допринос за некого значи многу***
- ***12.00- 13.00*** **Предлози за иден заеднички проект**
- **13.00-** **Ручек**

***Средба на нефромалната мрежа на жени Ромки активистки и НВО од РМ***
***26-ти Април, 2011г.***
**х.АРКА, Скопје**

| | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ОРГАНИЗАЦИЈА | АДРЕСА | КОНТАКТИ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Љата Шиковска** | НВО АМБРЕЛА-Скопје | Скопје | sikovska@yahoo.com |
| 2. | **Емине Дестани** | НВО Пакив | Скопје | Pakiv_nvo@hotmail.com |
| 3. | **Кевсера Мемедова** | НВО Антико | Скопје | kevseramemedova@yahoo.com |
| 4. | **Џељан Шерифовска** | Рома СОС Прилеп | Прилеп | Dzejlan_1@yahoo.com |
| 5. | **Фетија Демировска** | ЦРС | Скопје | fdemirovska@yahoo.com |
| 6. | **Мирдита Салиу** | МТСП | Скопје | msaliu@mtsp.gov.mk |
| 7. | **Сузана Шабановска** | ЦРС | Скопје | ssabanovska@yahoo.com |
| 8. | **Сонѓул Шабан** | ЦРС | Скопје | songjul@t-home.mk |
| 9. | **Дилбера Камберовска** | ДАЈА | Куманово | daja@daja.org.mk |
| 10. | **Елизабета Даутовска** | КХАМ | Куманово | dautovska@yahoo.com |
| 11. | **Силвана Зулфи** | активистка | Скопје | silvanazulfi@gmail.com |